Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
Гоце Делчев
бр. 01-452/2
13. 10. 2025 год.
Демир Хисар

Архивски знак: 0102
Рок на чување: 1 год.
13. 10. 2025 г. Потпис

# ООУ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ДЕМИР ХИСАР

На основа Годишната програма за работа на училиштето, а во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии од основните училишта бр. 12-10853/1 од 04.08.2025 г., Стручниот тим за подготовка на програма за екскурзии формиран од Училишниот одбор со Одлука бр. 02-338/5 - 14.08.2025 г. ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

### 1. Воспитно образовни цели

Целта на изведувањето на ученичките екскурзии е на организиран начин да се прошират сознанијата на учениците за одредени подрачја од животот и работата на луѓето, да се запознаат со природните убавини и културно историските знаменитости, традицијата и обичаите, да овозможи одмор, рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност, поврзување на наставата со животната реалност на конкретен и непосреден начин. Учениците ќе ги совладаат и прошират стекнатите знаења преку примена на вештини и ставови, преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина. Ќе се овозможи обработка на нови настави содржини по поодделни предмети поврзани со објектите за посета. Улогата и педагошката функција на ученичките екскурзии е незаменлива во остварувањето на одделни цели и задачи на училиштето како воспитно-рекреативна и образовна цел, развивање позитивен однос кон верските и културните вредности, развивање интерес за природата, градење еколошки навики, поттикнување и развивање позитивни емоции, развивање другарство, меѓусебното почитување, развивање позитивен однос кон мултикултурализмот и знаења за својата татковина.

### 2. Содржина и опис на активности

За време на посетата на наведените локалитети ќе се реализираат следните содржини и активности:

- Запознавање со природните одлики на Охридското Езеро,
- Запознавање со богатата историја, култура, археолошки наоѓалишта и природната убавина на градот Охрид – пишување есеј
- Посета на градот Струга и запознавање со природно научниот музеј
- Запознавање со главниот град на Македонија, градот со значајни културно историски споменици и знаменитости Скопје
- Осознавање на историското минато, со цел да ја разберат сегашноста и да ја креираат иднината на сопствениот живот преку посета на Музејот на македонската борба, запознавање со Скопската тврдина Кале. Посета на кањонот Матка.

- Учениците непосредно да опишуваат објекти и природни појави преку непосредно запознавање со Националниот парк Маврово, запознавање со флористичкото богатство како значителна растителна реткост, запознавње со долината на Реката Радика како најголема притока на реката Црн Дрим
- Посета на манастирот св.Јован Бигорски
  Посета на двете хидроелектрични централи, „Шпилје“ кај Дебар и „Глобочица“ кај Струга

## 3. Одговорен наставник, други вклучени наставници и ученици

<u>а) Раководители на екскурзијата</u>

Ана Н. Мицковска – наставник по англиски јазик

<u>б) Одговорни наставници</u>

Снешка Шулевска – наставник по ТО и информатика
Игор Илијовски – наставник по ТО и информатика

<u>в) Ученици</u>

На планираната екскурзија ќе учествуваат учениците од VI одделение од ООУ ,,Гоце Делчев" – Д.Хисар.

## 4. Времетраење

- Екскурзијата ќе биде изведена во времетраење од 2 дена, 1 ноќевање
- Време на реализација – Март/Април/Мај 2026 година

## 5. Локации за посета и правци на патување

**<u>Локации за посета</u>**:

- Скопје (Стара чаршија, музејски комплекс Македонска борба)
- Кањон Матка
- Маврово ( Националниот парк, Манастир св. Јован Бигорски)
- Дебар ( ХЕЦ Шпиље, Косовраски Бањи, Кањонот на Радика)
- Струга (природонаучниот музеј, кејот на реката Дрим)
- Охрид ( Лихнидос, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква Св. Софија и Канео)

**<u>Правци на патување</u>**:

- Прв ден: Демир Хисар - Скопје
- Втор ден: Скопје-Маврово-Струга-Охрид-Демир Хисар

## 6. Техничка организација

Техничката организација ќе биде спроведена според ПРАВИЛНИКОТ за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-10853/1 од 04.08.2025 година.

### 7. Начин на финансирање

Начинот на финансирање на екскурзијата е со самофинансирање од страна на родителите/старателите на учениците кои ќе учествуваат во истата. Плаќањето ќе биде со посебен договор помеѓу Туристичката агенција и родителите. Вклученост на социјално-загрозени ученици на екскурзијата ќе биде со поволности кои ги нуди туристичката агенција.

### 8. Извештај за реализацијата на екскурзијата

Стручниот тим по реализација на екскурзијата, согласно со член 31 од Правилникот, ќе поднесе извештај за реализираната екскурзија.

Претседадел на стручниот тим
за подготовка на програмата,
ДИРЕКТОР

/Валентина Димоска/